РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Бр. 04-7936/2
09-10-2023 20 год.
СКОПЈЕ

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА АЕРОДРОМ**
**Бул:„Јане Сандански“ бр. 109Б**
**1000 Скопје**

# З А П И С Н И К
## од спроведениот практичен за инспектор

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор (Сл. Весник на РСМ бр.102/19) и Правилникот за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор (Сл.весник на РСМ бр.238/19) на ден 09.10.2023 година со почеток во 11.00 часот во службена просторија на Општина Аеродром пред Комисија за полагање на практичен испит за инспектор формирана од Градоначалникот на Општина Аеродром со архивдки број 04-7936/1 од 06.10.2023 година **се спроведе** практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Комисијата е во состав:

- Елена Ѓошевска Стојановска – Советник инспектор за заштита на животна средина (ментор).
- Вилма Апостолоска – Советник инспектор за домување
- Тони Чокузовски – Раководител на одделение за инспекциски работи Виш инспектор
- Ресул Шемо – член од областа на градежништво, урбанизам, комунални работи транспорт.

Кандидат за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор е Марјан Ѓорѓиев на работно место советник комунален инспектор во одделението за инспекциски работи при Општина Аеродром.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот за спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор каде кандидатот Марјан Ѓорѓиев изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекцискиот надзор со изготвување на акти, затварање и документирање на инспекциски надзор.
Кандидатот презентираше вонреден инспекциски надзор.

По презентирањето на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот за советник комунален инспектор Марјан Ѓорѓиев, комисијата ги утврди освоените бодови и тоа:

- Планирање и подготовка за инспекциски надзор - 15 бодови
- Спроведување на инспекциски надзор – 30 бодови
- Затворање на инспекциски надзор – 25 бодови
- Документирање на инспекциски надзор - 15 бодови

Комисијата констатира дека кандидатот Марјан Ѓорѓиев **го положи** практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор со освоени 85 бодови.

Полагањето на практичниот дел од испитот се реализираше во време:
Почеток во 11.00 часот на ден 09.10.2023 година.
Завршување во 12 и 30 часот на ден 09.10.2023 година.

Комисија за полагање на практичен дел од испит за инспектор:

1. Елена Ѓошевска Стојановска
2. Вилма Апостолоска
3. Тони Чокузовски
4. Ресул Шемо